СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**22.09.2010 год.**<br>**БРОЈ 10 ГОДИНА 45** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во основните училишта во Општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/ 3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08.2010год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 33 и 34 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95) и измените и дополнувањата на Законот ("Сл.весник на РМ" бр.24/96, 34/96, 35/97, 82/97, 29/02, 40/02, 42/02 и 63/04) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за формирање / чисти / паралелки од 1-во до 8-мо одделение со помалку од 25 ученици за учебната 2010/2011 година во следните училишта:

**1. ОУ „Григор Прличев“ - Централно**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 5 пар. | 120 ученици |
| 2-ро одд. | 5пар. | 107 ученици |
| 3-то одд. | 5пар. | 113 ученици |
| 4-то одд. | 4 пар. | 66 ученици |
| 5-то одд. | 5пар. | 118 ученици |
| 5-то одд.(деветолетка) | 5 пар. | 107 ученици |
| 6-то одд. | 5 пар. | 108 ученици |
| 7-мо одд. | 5 пар. | 114 ученици |
| 8-мо одд. | 5 пар. | 121 ученици |

**ПУ Рача**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 1 пар. | 11 ученици |
| 2-ро одд. | 1пар. | 11 ученици |
| 3-то одд. | 1пар. | 13 ученици |
| 4-то одд. | 1 пар. | 4 ученици |
| 5-то одд. | 1пар. | 15 ученици |
| 5-то одд.(деветолетка) | 1 пар. | 10 ученици |
| 6-то одд. | 1 пар. | 17 ученици |
| 7-мо одд. | 1 пар. | 13 ученици |
| 8-мо одд. | 1 пар. | 13 ученици |

**2. ОУ „Св.Климент Охридски“ – Охрид**
**Централно**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 2 пар. | 30 ученици |
| 2-ро одд. | 2пар. | 26 ученици |
| 3-то одд. | 2пар. | 25 ученици |
| 4-то одд. | 1 пар. | 18 ученици |
| 5-то одд. | 2пар. | 30 ученици |
| 5-то одд.(деветолетка) | 2 пар. | 34 ученици |
| 6-то одд. | 2 пар. | 25 ученици |
| 7-мо одд. | 2 пар. | 38 ученици |
| 8-мо одд. | 2 пар. | 37 ученици |

**ПУ Даљан**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 1 пар. | 10 ученици |
| 2-ро одд. | 1пар. | 7 ученици |
| 3-то одд. | 1пар. | 13 ученици |
| 4-то одд. | 1 пар. | 5 ученици |
| 5-то одд. | 1пар. | 4 ученици |

**3. ОУ „Братство-единство“ – Охрид**
**Македонски јазик**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 4 пар. | 70 ученици |
| 2-ро одд. | 4пар. | 65 ученици |
| 3-то одд. | 4пар. | 83 ученици |
| 4-то одд. | 3 пар. | 46 ученици |
| 5-то одд. | 4пар. | 57 ученици |
| 5-то одд.(деветолетка) | 3 пар. | 56 ученици |
| 6-то одд. | 4 пар. | 86 ученици |
| 7-мо одд. | 4 пар. | 78 ученици |
| 8-мо одд. | 3 пар. | 64 ученици |

**Турски јазик**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 1 пар. | 19 ученици |
| 2-ро одд. | 1пар. | 19 ученици |
| 3-то одд. | 2пар. | 27 ученици |
| 4-то одд. | 1 пар. | 11 ученици |
| 5-то одд. | 1пар. | 13ученици |
| 5-то одд.(деветолетка | 1 пар. | 18 ученици |
| 6-то одд. | 2 пар. | 37 ученици |
| | | |
| 8-мо одд. | 1 пар. | 20 ученици |

**Албански јазик**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 2 пар. | 29 ученици |
| 2-ро одд. | 2пар. | 29 ученици |
| 3-то одд. | 2пар. | 28 ученици |
| 4-то одд. | 1 пар. | 17 ученици |
| 5-то одд. | 2пар. | 34 ученици |
| 5-то одд.(деветолетка) | 2 пар. | 39 ученици |
| 7-мо одд. | 2 пар. | 46 ученици |
| 8-мо одд. | 1 пар. | 24 ученици |

**4. ОУ „Кочо Рацин“ - Охрид**
**Централно**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 2 пар. | 24 ученици |
| 2-ро одд. | 2пар. | 37 ученици |
| 3-то одд. | 2пар. | 37 ученици |
| 4-то одд. | 2 пар. | 32 ученици |
| 5-то одд. | 2пар. | 32 ученици |
| 5-то одд.(деветолетка) | 2 пар. | 35 ученици |
| 6-то одд. | 2 пар. | 40 ученици |
| 7-мо одд. | 2 пар. | 39 ученици |
| 8-мо одд. | 2 пар. | 42 ученици |

**ПУ Долно Лакочереј**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 1 пар. | 9 ученици |
| 2-ро одд. | 1пар. | 14 ученици |
| 3-то одд. | 1пар. | 13 ученици |
| 4-то одд. | 1 пар. | 9 ученици |
| 5-то одд. | 1пар. | 6 ученици |
| 5-то одд.(деветолетка) | 1 пар. | 6 ученици |
| 6-то одд. | 1 пар. | 14 ученици |
| 7-мо одд. | 1 пар. | 7 ученици |
| 8-мо одд. | 1 пар. | 11 ученици |

**5. ОУ „Св.Наум Охридски“ -Пештани**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 1 пар. | 8 ученици |
| 2-ро одд. | 1пар. | 13 ученици |
| 3-то одд. | 1пар. | 7 ученици |
| 4-то одд. | 1 пар. | 5 ученици |
| 5-то одд. | 1пар. | 15 ученици |
| 5-то одд.(деветолетка) | 2 пар. | 18 ученици |
| 6-то одд. | 2 пар. | 24 ученици |
| 7-мо одд. | 2 пар. | 22 ученици |
| 8-мо одд. | 2 пар. | 41 ученици |

**ПУ Елшани**

| | | |
|---|---|---|
| 3-то одд. | 1 пар. | 11 ученици |

**ПУ Коњско**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 1 пар. | 11 ученици |

**6. ОУ „Живко Чинго“ - с.Велгошти**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 2 пар. | 30 ученици |
| 2-ро одд. | 2пар. | 33 ученици |
| 3-то одд. | 2пар. | 35 ученици |
| 4-то одд. | 1 пар. | 22 ученици |
| 5-то одд. | 2пар. | 28 ученици |
| 5-то одд.(деветолетка) | 2 пар. | 24 ученици |
| 6-то одд. | 2 пар. | 29 ученици |
| 7-мо одд. | 1 пар. | 19 ученици |
| 8-мо одд. | 2 пар. | 38 ученици |

**7. ОУ „Ванчо Николески“ - с.Лескоец**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 2 пар. | 25 ученици |
| 2-ро одд. | 2пар. | 28 ученици |
| 3-то одд. | 2пар. | 35 ученици |
| 4-то одд. | 1 пар. | 24 ученици |
| 5-то одд. | 2пар. | 32 ученици |
| 5-то одд.(деветолетка) | 2 пар. | 19 ученици |
| 6-то одд. | 2 пар. | 35 ученици |
| 7-мо одд. | 2 пар. | 30 ученици |
| 8-мо одд. | 2 пар. | 31 ученици |

**ПУ Косел**

| | | |
|---|---|---|
| 5-то одд.(деветолетка | 1 пар. | 6 ученици |
| 6-то одд. | 1 пар. | 5 ученици |
| 7-мо одд. | 1 пар. | 10 ученици |
| 8-мо одд. | 1 пар. | 10 ученици |

**ПУ Куратица**

| | | |
|---|---|---|
| 5-то одд.(деветолетка) | 1 пар. | 4 ученици |
| 6-то одд. | 1 пар. | 2 ученици |
| 7-мо одд. | 1 пар. | 3 ученици |
| 8-мо одд. | 1 пар. | 2 ученици |

**8.ОУ „ Христо Узунов“ – Охрид**

| | | |
|---|---|---|
| 4-то одд. | 5 пар. | 119 ученици |
| 5-то одд.(деветолетка) | 5 пар. | 111 ученици |

**Член 2**

Како комбинирани паралелки со помалку од 25 ученици од 1-во до 8-мо одделение во учебната 2010/2011 година ќе работат следните:

**1. ОУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани**

**ПУ Елшани**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во и 2-ро одд. | 1 пар. | 8 ученици |
| 4-то и 5-то одд. | 1 пар. | 17 ученици |

**ПУ Коњско**

| | | |
|---|---|---|
| 2-ро и 3-то одд. | 1 пар. | 9 ученици |
| 4-то и 5-то одд. | 1 пар. | 15 ученици |

**ПУ Трпејца**

| | | |
|---|---|---|
| 2-ро и 3-то одд. | 1 пар. | 2 ученици |

**3. ОУ „Ванчо Николески“с.Лескоец**

**ПУ Косел**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во и 3-то одд. | 1 пар. | 10 ученици |
| 2-ро и 4-то одд. | 1 пар. | 4 ученици |

**ПУ Куратица**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во и 3-то одд. | 1 пар. | 7 ученици |
| 4-то и 5-то одд. | 1 пар. | 7 ученици |

**ПУ Вапила**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во,2-ро,3-то и 4-то одд. | 1 пар. | 10 ученици |

**4. ОУ „Кочо Рацин“ – Охрид**

**ПУ Долно Лакочереј**

| | | |
|---|---|---|
| 3-то и 5-то одд. | 1 пар. | 19 ученици |

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Сл.гласник на општина Охрид".

**Број 07- 2152/ 3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08.2010 год.** **Претседател**
**Охрид** **Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОСУ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“-ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во ОСУ „Св.Климент Охридски“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/ 4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08 .2010 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средно образование („Сл.весник на РМ“ бр.44/95) и член 18 од Статутот на општина Охрид, („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОСУ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“-ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** за формирање паралелки со помал број на ученици од законскиот минимум, односно со помалки од 25 ученици за учебната 2010/2011 година во ОСУ „Св. Климент Охридски“- Охрид и тоа:

- една паралелка од здравствена струка-медицинска сестра со 21 ученик

- една изборна група од јазично-уметничко подрачје со 10 ученици (минимумот е од 17 ученици, додека самата паралелка има над 30 ученици и го исполнува законскиот минимум од 25 ученици по паралелка, а останатите ученици од класот се во друго изборно подрачје)

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2152/ 4**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОУТУ „ВАНЧО ПИТОШЕСКИ“ - ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во ОУТУ „Ванчо Питошески“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/ 5**
**30.08 .2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средно образование („Сл.весник на РМ“ бр.44/95) и член 18 од Статутот на општина Охрид, („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОУТУ „ВАНЧО ПИТОШЕСКИ“-ОХРИД

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** за формирање паралелки со помал број на ученици од законскиот минимум, односно со помалки од 25 ученици за учебната 2010/2011 година во ОУТУ „Ванчо Питошески“- Охрид и тоа:

| Година/паралелка | Број на ученици |
|---|---|
| I-1 | 11 |
| I-2 | 10 |
| I-7 | 23 |
| II-1 | 13 |
| II-2 | 15 |
| II-7 | 24 |
| III-1 | 14 |
| III-2 | 14 |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2152/ 5**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОЕМУЦ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/6**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средно образование („Сл.весник на РМ“ бр.44/95) и член 18 од Статутот на општина Охрид, („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОЕМУЦ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“-ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** за формирање паралелки со помал број на ученици од законскиот минимум, односно со помалки од 25 ученици за учебната 2010/2011 година во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“- Охрид и тоа:

**МАШИНСКА СТРУКА**

| **Година/паралелка** | **ученици** | **занимање** |
|---|---|---|
| I-а | 23- ученици | Автотехничар мехатроничар, машинско-енергетски техничар и машински техничар |
| I-б | 22-ученици | Техничар за компјутерско управување |
| II-а | 14- ученици | Автотехничар мехатроничар |
| II-б | 15-ученици | Машински техничар |
| III-а | 19-ученици | Машинско-енергетски техничаравтотехничар мехатроничар |
| III-б | 14- ученици | Машински техничар |
| IV-а | 25-ученици | Машински-енергетски техничар автотехничар мехатроничар |
| IV-б | 19-ученици | Машински техничар |

**ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА СТРУКА**

| **Година/паралелка** | **Број на ученици** | **Занимање** |
|---|---|---|
| I-1 | 18- ученици | Електротехничар-енергетичар |
| I-2 | 19- ученици | Електротехничар за електроника и телекомуникации |
| I-3 | 19- ученици | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика |
| I-4 | 19- ученици | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика |
| II-1 | 18- ученици | Електротехничар-енергетичар |
| II-2 | 22- ученици | Електротехничар за електроника и телекомуникации |
| II-3 | 20- ученици | Електротехничар за автоматика и компјутерска техника |
| II-4 | 20- ученици | Електротехничар за автоматика и компјутерска техника |
| II-5 | 14- ученици | Електромеханичар (Законскиот |

| | | |
|---|---|---|
| | | максимум на оваа паралелка е 24 ученици) |
| III-1 | 16- ученици | Електротехничар-енергетичар |
| III-2 | 20- ученици | Електротехничар за електроника и телекомуникации |
| III-5 | 11- ученици | Електромеханичар(Законскиот максимум на оваа паралелка е 24 ученици) |
| IV-1 | 21- ученици | Електротехничар-енергетичар |
| IV-2 | 21- ученици | Електротехничар за електроника и телекомуникации |
| IV-3 | 23- ученици | Електротехничар за автоматика и компјутерска техника |
| IV-4 | 24- ученици | Електротехничар за автоматика и компјутерска техника |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2152/ 6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08.2010 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04.2010 ДО 30.06.2010 ГОДИНА ЗА РЕ „ВОДОВОД“ ОХРИД И РЕ „КОЛЕКТОР“ СТРУГА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на финансискиот извештај на МЈП „Проаква“ Струга за периодот од 01.04.2010 год. до 30.06.2010 година за РЕ „Водовод“ Охрид и РЕ „Колектор“ Струга, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08- 2152/ 7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08.2010 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година донесе:

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2010ГОД. ДО 30.06.2010 ГОД. ЗА РЕ „ВОДОВОД“ ОХРИД И РЕ „ КОЛЕКТОР“ СТРУГА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** финансискиот извештај на МЈП „Проаква“ Струга за периодот од 01.01.2010 год. до 30.06.2010 год. за РЕ „Водовод“ Охрид и РЕ „ Колектор“ Струга .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2152/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08.2010 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕ НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ –ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04.-30.06.2010 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на тримесечниот извештај за работење на ЈП „Билјанини Извори“-Охрид за периодот од 01.04.-30.06.2010 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/ 8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08 .2010 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30 .08.2010 година донесе:

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВА ТРОМЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04.-30.06.2010 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува тромесечниот извештај од работењето на ЈП „Билјанини Извори“ - Охрид за периодот од 01.04.-30.06.2010 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Охрид".

**Број 07-2152/ 8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08.2010 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 01.04.-30.06.2010 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Охридски Комуналец" Охрид за периодот 01.04-30.06.2010 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08.2010 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 18 од Статутот на општина Охрид „Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04-30.06.2010 ГОД.

**Член 1**

**Се усвојува** Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Охридски Комуналец" Охрид за периодот од 01.04 -30.06.2010 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид".

**Број 07-2152/9**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДСТАПУВАЊЕ НА ПОДВИЖНИ ОСНОВНИ СРЕДСТВА-МАШИНИ, ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА,ОПРЕМА И ДРУГИ ОСНОВНИ СРЕДСТВА ОД МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“- ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на одлуката за одстапување на подвижни основни средства-машини, транспортни средства, опрема и други основни средства од МЈП „Проаква“ Струга на ЈП „Нискоградба“ Охрид Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/ 10**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПОДВИЖНИ ОСНОВНИ СРЕДСТВА-МАШИНИ,ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА ,ОПРЕМА И ДРУГИ ОСНОВНИ СРЕДСТВА ОД МЈП „ПРОАКВА“-СТРУГА НА ЈП „НИСКОГРАДБА“ ОХРИД -ОХРИД

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на одлуката за одстапување на подвижни основни средства-машини,транспортни средства ,опрема и други основни средства од МЈП „Проаква“ Струга на на ЈП „Нискоградба Охрид“ -Охрид .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07-2152/ 10**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 14 од Статутот на МЈП„Проаква“-Струга, а согласно Одлуката на Советот на Општината Охрид, Управниот одбор на МЈП„Проаква“ на седницата одржана на 30.08.2010година , ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за отстапување на подвижни основни средства - машини, транспортни средства, опрема и други основни средства од МЈП„Проаква“-Струга на ЈП„Нискоградба Охрид“- Охрид**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши отстапување на правото на користење и управување на дел од подвижните средства од МЈП„Проаква“-Струга ,РЕ„Водовод“-Охрид како машини, транспортни средства - теретни и патнички возила, опрема и други основни средства на ЈП„Нискоградба Охрид“-Охрид.

**Член 2**

Предмет на отстапување се следните основни средства - машини, транспортни средства и опрема:

| Р.бр. | Вид | Рег.таблица | Год.на производство |
|---|---|---|---|
| 1 | ФАП-13-14 (Хијап) | ОХ-438-ХЗ | 1980 |
| 2 | ТАМ-75 (зелено) | ОХ-621-ХН | 1984 |
| 3 | ТАМ-80(плаво) | ОХ-805-ХН | 1987 |
| 4 | ТАМ-80(кипер) | ОХ-247-ИЕ | 1987 |
| 5 | ЗАСТАВА (бело) | ОХ-497-ХР | 1987 |
| 6 | ВЕКО (цистерна) | ОХ-108-ТА | 2002 |
| 7 | ФОРД-ТРАНСПОРТ | СК-164-СП | 2009 |
| 8 | ЗАСТАВА 101 ПОЛИ | ОХ-713-ИФ | 1995 |
| 9 | ЗАСТАВА југо корал 1.3 ин | ОХ-951-ХЗ | 2002 |
| 10 | ЗАСТАВА југо 55 (црвено) | ОХ-906-ХН | 1991 |
| 11 | ЗАСТАВА југо корал 55 | ОХ-907-ХН | 1991 |
| 12 | ЛАДА ВАЗ-НИВА | ОХ-184-ИБ | 2003 |
| 13 | ЛАДА ВАЗ-НИВА | ОХ-634-ИД | 2002 |
| 14 | СКОДА пик-ап (црвена) | СК-097-СП | 1996 |
| 15 | МОСКВИЦ АЛЕКО | ОХ-386-ХТ | 2000 |
| 16 | МОСКВИЦ АЛЕКО | ОХ-387-ХТ | 2000 |
| 17 | ЛАДА САМАРА | ОХ-709-ХН | 1998 |
| 18 | СКОДА ФАБИА | СК-081-СЛ | 2008 |
| 19 | СКОДА ФАБИА | СК-082-СЛ | 2008 |
| 20 | СКОДА ФАБИА | СК-084-СЛ | 2008 |
| 21 | СКОДА ФАБИА | СК-643-СМ | 2008 |
| 22 | ФОРД ТРАНСПОРТ | СК-548-СМ | 2009 |
| 23 | ЈУГО | ОХ-361-ИА | 2003 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 24 | МАШИНА ЗА МОНТИР.ГУМИ | | |
| 25 | БРНЗИНСКИ ЕЛЕКТ.АГРЕГАТ | | |
| 26 | БЕНЗИСКИ ЕЛ.ЗЊ АГРЕГАТ | | |
| 27 | ХИДРАУЛИЧЕН БАГЕР од 600 | | |
| 28 | СЕКАЧ НА ФУГИ | | |
| 29 | РОВОКОПАЧ УТОВАРУВАЧ | | |
| 30 | РОВОКОПАЧ 50нх | | |
| 31 | КОМБИН.ДУПЧАЛКА-ВИБРО | | |
| 32 | МАШИНА ЗА НАВОЈ-1 | | |
| 33 | СТОЛНА ДУПЧАЛКА-2 | | |
| 34 | ДИГАЛКА КРАН-1 | | |
| 35 | АПАРАТ ЗА ЗАВАР.СО АГРЕГАТ | | |
| 36 | МАШИНА ЗА АСВАЛТ | | |
| 37 | КОМПРЕСОР-1 | | |
| 38 | СТРУГ-КОМПЛЕТ-1 | | |
| 39 | КОМБИНИРАНА ДУПЧАЛА | | |
| 40 | НАБИВАЧ-Жаба БС 60-2-МЕХ | | |

**Член 3**

Исто така предмет на отстапување се и други основни средства како опрема, канцелариска опрема и алати кои не се опфатени во член 2, а се утврдени со Записникот и спецификацијата кои се прилог на оваа Одлука а се неопходни за дејноста и работењето на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид според книговодствената евиденција и фактичката состојба.

**Член 4**

Преносот на правото на користење на движните основни средства - ствари се врши со запишување во книговодствената евиденција како основни средства на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид.

**Член 5**

Другите меѓусебни односи во врска со користење на отстапените средства како права и обврски кои произлегуваат по овој основ ќе се уредат со посебен договор помеѓу МЈП„Проаква“-Струга и ЈП„Нискоградба Охрид“-Охрид.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на давање согласност од страна на основачот, Советот на Општина Охрид.

**Управен Одбор на МЈП„Проаква“**
**Претседател**
**Дејкоски Мате с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ ОСНОВНИ СРЕДСТВА-НЕДВИЖНОСТИ ОД МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“-ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на одлуката за одстапување на користење основни средства-недвижности од МЈП „Проаква„ Струга на ЈП „Нискоградба Охрид “-Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/ 11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08 .2010 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ ОСНОВНИ СРЕДСТВА - НЕДВИЖНОСТИ ОД МЈП„ПРОАКВА“-СТРУГА НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“- ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на одлуката за отстапување на користење основни средства - недвижности од МЈП „Проаква“-Струга на ЈП „Нискоградба Охрид“- Охрид .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07-2152/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08.2010 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 14 од Статутот на МЈП„Проаква“-Струга, а согласно Одлуката на Советот на Општината Охрид, Управниот одбор на МЈП„Проаква“ на седницата одржана на 30.08.2010година , ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
за отстапување на користење основни средства - недвижности од МЈП„Проаква“-Струга на ЈП„Нискоградба Охрид“- Охрид

**Член 1**

Со оваа одлука се врши отстапување на правото на користење и управување на дел од недвижниот имот од МЈП„Проаква“-Струга ,РЕ„Водовод“-Охрид на ЈП„Нискоградба Охрид“-Охрид кој според дејноста на работење се неопходни за работа на ЈП„Нискоградба Охрид“-Охрид.

**Член 2**

Предмет на отстапување се земјиште и објект - Магацин Железничка КП бр: 10603/1 во вкупна површина од 7320 $м^2$ на ул.„Железничка“ обележани во поседовен лист број 19815 КО Охрид при Одделението за премер и катастар Охрид.

**Член 3**

Предмет на отстапување се и дополнително изведени пропратни градежни - занаетчиски работи на оваа површина, а опишани во записникот односно спецификацијата на недвижности и објекти кои се прилог на оваа Одлука.

**Член 4**

Преносот на правото на користење на недвижниот имот ( земјиштето и објектите) се врши со запишување во јавните книги на катастарот во Охрид.

**Член 5**

Користењето на други објекти , објекти во градба како и деловни простории за потребите на административните работи на ЈП„Нискоградба Охрид“-Охрид, ќе се уреди со посебен договор помеѓу МЈП„Проаква“-Струга и ЈП„Нискоградба Охрид“-Охрид.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од страна на основачот, Советот на Општина Охрид.

**Управен Одбор на МЈП„Проаква“**
**Претседател**
**Дејкоски Мате с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДСТАПУВАЊЕ-ПРОДАЖБА НА ОСНОВНИ МАТЕРЈАЛНИ СРЕДСТВА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ ЗА МАШИНИ И ВОЗИЛА И ДРУГИ ПОМОШНИ МАТЕРЈАЛИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на одлуката за одстапување-продажба на основни матерјални средства резервни делови за машини и возила и други помошни матерјали, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/12**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ - ПРОДАЖБА НА ОСНОВНИ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ ЗА МАШИНИ И ВОЗИЛА И ДРУГИ ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на одлуката за отстапување - продажба на основни материјални средства, резервни делови за машини и возила и други помошни материјали

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07- 2152/ 12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08.2010 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 14 од Статутот на МЈП„Проаква“-Струга,Управниот Одбор на МЈП„Проаква“ - Струга на седницата одржана на 30.08.2010година , ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
за отстапување - продажба на основни материјални средства, резервни делови за машини и возила и други помошни материјали

**Член 1**

Со оваа одлука се врши отстапување - продажба на основни материјални средства, резервни делови за машини и возила и други помошни материјали од МЈП„Проаква“-Струга ,РЕ„Водовод“-Охрид на ЈП„Нискоградба Охрид“-Охрид набавени за обавување на дејностите на ЈП„Нискоградба Охрид“-Охрид.

**Член 2**

Предмет на отстапување - продажба се набавени материјални средства - резервни делови за машини и возила и други репроматеријали според спецификацијата на материјални средства сочинета од заедничка комисија и Записникот за утврдената состојба кои се прилог на оваа Одлука со состојба на 30.06.2010 година.

**Член 3**

Постапките кои се во тек по објавените тендери за набавка на материјални средства, а неиспорачани од добавувачите продолжуваат, а Сопственик на материјалните средства ке биде ЈП„Нискоградба Охрид“-Охрид кое ги презема и обврските во врска со набавките на материјалите.

**Член 4**

Другите меѓусебни односи како утврдувањето на продажната цена на материјални средства, динамиката на отстапување, начинот на плаќање и другите услови се уредуваат со посебен договор кој го склучуваат МЈП„Проаква“-Струга и ЈП„Нискоградба Охрид“-Охрид.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино донесување, а ќе се објави во службеното гласило на Јавното претпријатие.

**Управен Одбор на МЈП„Проаква“**
**Претседател**
**Дејкоски Мате с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНИ ОДНОСИ ПОМЕЃУ МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА И ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“ ОХРИД ПО ОСНОВ НА СТЕКНАТИ ПРАВА И ОБВРСКИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на одлуката за уредување на меѓусебни односи помеѓу МЈП „Проаква“ Струга и ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид по основ на стекнати права и обврски, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/13** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08 .2010 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30 .08.2010 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНИ ОДНОСИ ПОМЕЃУ МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА И ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“ –ОХРИД ПО ОСНОВ НА СТЕКНАТИ ПРАВА И ОБВРСКИ

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на одлуката за уредување на меѓусебни односи помеѓу МЈП „Проаква“ Струга и ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид по основ на стекнати права и обврски.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07- 2152/13**
**30. 08.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 14 од Статутот на МЈП„Проаква“-Струга,Управниот Одбор на МЈП„Проаква“ - Струга на седницата одржана на 30.08.2010година , ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за уредување на меѓусебните односи помеѓу МЈП"Проаква"Струга и ЈП"Нискоградба Охрид"Охрид по основ на стекнати права и обврски**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува постапката за уредување на меѓусебните односи по основ на стекнати права и обврски помеѓу МЈП"Проаква"Струга и ЈП"Нискоградба Охрид"Охрид до 30.06.2010 година и по 01.07.2010 година, откога функционираат и двете претпријатија како посебни правни субјекти.

**Член 2**

Носител на започнатите активности во правниот и економскиот промет кон трети субјекти до 30.06.2010 година е МЈП"Проаква"Струга.

**Член 3**

Другите меѓусебни односи по основ на стекнати права и обврски, како и обврските на ЈП"Нискоградба Охрид"Охрид, кон МЈП"Проаква"Струга заради исполнување на правата и обврските кон трети лица од страна на МЈП"Проаква"Струга се уредуваат со посебни договори, кои ги склучуваат директорите на јавните претпријатија.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Претседател на УО**
**Дејкоски Мате с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ СО ПОСТАПКА ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за отпочнување со постапка за јавно приватно партнерство, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/ 14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08.2010 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за отпочнувањепостапка за јавно приватно партнерство .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07- 2152/ 14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30. 08.2010 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 14 од Статутот , а во врска со чл.29 и 89 од Законот за концесии и други видови јавно-приватно партнерство (Сл.весник на Р.М. бр.7/2008), Управниот одбор на МЈП ´´Проаква´´ - Струга, на седницата одржана на ден 30.08.2010 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За отпочнување со постапка за јавно - приватно партнерство**

**Член 1**

Се донесува одлука за отпочнување со постапка за јавно-приватно партнерство во МЈП"Проаква"Струга согласно законот.

**Член 2**

Во согласност со чл.29 од Законот за концесии и други видови јавно-приватно партнерство, оваа одлука содржи:

**1. Образложение за оправданоста за доделување концесија**

Интересот на двете локални самоуправи на општините Охрид и Струга е да се зголеми ефикасноста на целокупното работење на МЈП"Проаква"Струга на одржлив начин. Очекувањата се во една трансформирана состојба МЈП"Проаква" да има подобра перспектива во однос на зголемување на ефикасноста во споредба со моменталната состојба. Во таква, нова трансформирана состојба локалните самоуправи немаат намера да ги пренесат постојните инфраструктурни објекти за водоснабдување и одведување отпадни води во новата компанија. Овие позиции од општински средства ќе останат под јавна контрола и во јавна сопственост.

Како резултат на зголемените перформанси во водоснабдувањето и услугите за одведување на отпадните води, општините се надеваат да привлечат меѓународни финансиски институции кои би учествувале во понатамошното проширување на услугите во корист на населението, како и во поглед на заштитата на Охридското Езеро.

Како партнер во заедничкото здружување, општините сакаат да привлечат искусен меѓународен управувачки и услужен добавувач на вода под услови пропишани во Законот за концесии и други видови јавно-приватно партнерство и сите позитивни законски регулативи, кои ја третираат оваа материја во Р.Македонија

**2. Назначување на целите**

Врз основа на анализите за моменталната состојба во МЈП"Проаква"Струга, како и пресметките за идните инвестиции на претпријатието какоприоритетни инвестиции во функција на оперативната оптимизација и засилување на ефикасноста би биле:

-замена на сегашната водоводна мрежа
-модернизација на објектите за производство на вода
-модернизација на системот за пренесување отпадни води
-обновување на опремата
-инвестиции за зголемување на покриеноста со услуги
-обновување на канализационата мрежа
-инвестиции за засилување на квалитетот и запазување на стандардите на Европската Унија

**3. Предмет на концесијата**

Предмет на концесијата е управување со водоснабдителниот систем, системот за еколошка заштита на Охридското Езеро, секундарната канализација, билингот, сето тоа во согласност со позитивните законски прописи кои ја регулираат оваа материја во Р.Македонија при што јавната сопственост и контрола ќе имаат првостепено значење.

**4. Вид на постапката за доделување концесија**

Концесијата ќе се додели по пат на ограничен повик, а во согласност со одредбите од Законот за концесии и други видови јавно-приватно партнерство и Законот за јавни набавки на Р.Македонија

**5. Пресметување и начин на плаќање на концесискиот надоместок**

Пресметувањето и начинот на плаќање на концесискиот надоместок во понатамошна постапка ќе биде дефиниран од страна на Комисија која согласно Законот за концесии и други видови јавно-приватно партнерство на предлог на Градоначалниците, ја избираат двата Совети на локалните самоуправи.

**6. Висина на надоместокот за издавање тендерска документација**
Надоместокот за издавање тендерска документација се утврдува на почетен износ од 150.000,00 денари.

**Член 3**

Постапката ќе започне врз основа на изработената и усвоена физибилити студија за воспоставувањето на јавно-приватно партнерство, која ги содржи сите потребни елементи кои ги предвидува законот и која е составен дел на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

**Управен одбор**
**Претседател,**
**Дејкоски Мате с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на одлуката за измени и дополнување на одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/ 15**
**30.08 .2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 18 од Статутот на општина Охрид „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИ ШТО ГИ ВРШИ ЈП „ ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ “ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за измени и дополнување на одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид , донесена од Управниот одбор на ЈП „ Охридски Комуналец “ Охрид бр. 02-1565/6 од 15.07.2010 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2152/15**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 17 од Статутот на ЈП"Охридски Комуналец" Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнување на Одлуката за утврдување на цените што ги врши ЈП"Охридски Комуналец"Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и доплнување на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП"Охридски Комуналец"Охрид бр.02-443/4 од 08.05.2008год. усвоена со Одлуката за давање Согласност на одлуката за утврдување на цените за услугите што ги врши ЈП"Охридски Комуналец"Охрид донесена од Совет на Општина Охрид бр.07-1403/9 од 26.06.2008 год.

**Член 2**

Во делот 2 од Одлуката за утврдување на надоместок за подигање,транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица член 3 став 1 се дова нова точка 6 која гласи:
Надоместокот за подигање , транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица кои обавуваат угостителска дејност - хотели со површина на деловниот просторот односно објектот над 100м2 надоместокот се утврдува 10,00 денари по м2 месечно за следните месеци: мај , јуни , јули , август , септември и октомври.
Надоместокот за подигање , транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица кои обавуваат угостителска дејност - хотели со површина на деловниот просторот односно објектот над 100м2 надоместокот се утврдува 5,00 денари по м2 месечно за следните месеци : ноември , декември , јануари , февруари , март и април.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила по добивањето на согласност од страна на Советот на општина Охрид.

**УО на ЈП Охридски Комуналец Охрид**
**Претседател,**
**дипл.инг.Трајче Савески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП „ОХИРДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД БРОЈ 02-443/4 ОД 08.05.2008ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на одлуката за измени и дополнување на одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид број 02-443/4 од 08.05.2008 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/ 16**
**30.08 .2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 18 од Статутот на општина Охрид „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП „ ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ “ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за измени и дополнување на одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид , донесена од Управниот одбор на ЈП „ Охридски Комуналец “ Охрид бр. 02-1760/4 од 06.08.2010 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2152/16**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 17 од Статутот на ЈП"Охридски Комуналец" Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнување на Одлуката за утврдување на цените што ги врши ЈП"Охридски Комуналец"Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и доплнување на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП"Охридски Комуналец"Охрид бр.02-443/4 од 08.05.2008год. усвоена со Одлуката за давање Согласност на одлуката за утврдување на цените за услугите што ги врши ЈП"Охридски Комуналец"Охрид донесена од Совет на Општина Охрид бр.07-1403/9 од 26.06.2008година.

**Член 2**

Во делот 10 од Одлуката за утврдување на надоместок за услугите што ги врши ЈП"Охридски Комуналец"Охрид во рамките на РЕ "Механизација" се менува член 11 во целост и истиот гласи:

Корисниците на услугите на давателот на услугата - ЈП"Охридски Комуналец" Охрид се должни да му исплатат надоместок во износ определен во зависност од извршената услуга и тоа:

1)Набавка,транспорт и уградување
на тампон со валирање________________________________ 864,00 - 2.040,00 ден/м3
(во зависност од видот на тампонот ):
-Тампон мешан со земја и камена ситнеж ______________________ 864,00 ден/м3
-Тампон од каменолом _______________________________________1.560,00 ден/м3
-Речна песок ______________________________________________ 1.800,00 ден/м3
-Мелен камен со гранулација__________________________________2.040,00 ден/м3

2)Набавка,транспорт и уградување
на тампон со планирање без валирање__________________756,00 - 1.956,00 ден/м3
-Тампон мешан со земја и камена ситнеж_________________________756,00 ден/м3
-Тампон од каменолом ______________________________________ 1.440,00 ден/м3
-Речна песок ______________________________________________ 1.680,00 ден/м3
-Мелен камен со гранулација__________________________________1.956,00 ден/м3

3)Утовар и транспорт на отпаден материјал во депонија Буково ___ 648,00 ден/м3
4)Ископ ,утовар и транспорт на земја
-отпаден материјал до 5км ___________________________________ 648,00 ден/м3

5)Машински ископ на земја од I-III категорија
со димензии 1,00 х 0,40 х 0,80 со затрупување ____________________ 192,00 ден/м3

6)Рачен ископ на земја од I-III категорија
со димензии 1,00 х 0,40 х 0,80 со затрупување _____________________708,00 ден/м3

7)Користење на градежни машини :
-Цистерна(со 7м3 вода) __________________________ 2.620,00 ден/м3
(цената се однесува само за во град)

-Т-ге ________________________________________ 3.000,00 ден/час
-РД 130 ______________________________________ 2.640,00 ден/час
-ФБ 100.2 ____________________________________ 2.340,00 ден/час
-ФАП Кипер __________________________________ 2.160,00 ден/час
(цената се внесува само за во град)
-ТАМ Кипер __________________________________ 1.020,00 ден/тура
-Трактор _____________________________________1.020,00 ден/тура
(цената се однесува само за во град)
-Работник КВ _________________________________ 300,00 ден/час
-Општ работник _______________________________ 216,00 ден/час

За работна рака за неработни денови и празници се зголемува висината на надоместокот за 30%.

8)Услуги со цистерна за чистење на фекалии:

а)Охрид ______________________________________ 1.200,00 ден/тура

б)Велгошти ___________________________________
Лескоец ___________________________________
Подмоље ____________________________________1.560,00 ден/тура
в)Пештани____________________________________
Елшани ______________________________________ 1.800,00 ден/тура

г)Трпејца ______________________________________ 2.400,00 ден/тура
д)Љубаништа___________________________________3.000,00 ден/тура
ѓ)Св.Наум ______________________________________ 3.600,00 ден/тура

За услуги што се вршат на подалечни локации од 30 км цената се утврдува со спогодба.

**Член 3**

Во делот 10 од Одлуката за утврдување на надоместок за услугите што ги врши ЈП"Охридски Комуналец"Охрид во рамките на РЕ "Механизација" се менува член 12 во целост и истиот гласи:

"Сопствениците на возилото подигнато со специјално возило - пајак се должни да му исплатат на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид надоместок определен на следниот начин:

-за возило подигнато и транспортирано
од подрачјето на град Охрид _______________________________ 1.920,00 ден.

-за возило подигнато и транспортирано
надвор од подрачјето на град Охрид ____________________1.920,00 ден. + 32,00 ден/км

-за возило кое сопственикот кој ќе го подигне веднаш по активностите на Пајакот __________________________________________________________ 1.020,00 ден.

**Член 4**

Во делот 10 од Одлуката за утврдување на надоместок за услугите што ги врши ЈП"Охридски Комуналец"Охрид во рамките на РЕ "Механизација" се менува член 14 во целост и истиот гласи:

"За услуга монтажа,демонтажа и користење на бина надоместокот изнесува 17.640,00 денари на ден,а за секој наред ден користење н а бината надоместокот од 17,640,00 денари се зголемува за 6.000,00 денари на ден.

**Член 5**

Во делот 11 од Одлуката за утврдување на надоместок за услугите што ги врши ЈП"Охридски Комуналец"Охрид во рамките на РЕ "Паркови и зеленило" пододел 11.1 - за извршени услуги се менуваат точките 2, 12,13 и 14 од член 15 и истите гласат:

Член 15 ,пододел 11.1 Точка 2 гласи:
"Машинско косење на трева ______________________________________ 9,84 ден/м2

Член 15 ,пододел 11.1 Точка 12 гласи:
"Кроење - режење грмушки ____________________________________ 120,00 ден/бр
Член 15 ,пододел 11.1 Точка 13 гласи:
"Кроење дрва __________________________________________________ 384,00 ден/час

Член 15 ,пододел 11.1 Точка 14 гласи:
"Сечење дрва ___________________________________________________ 384,00 ден/час

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила по добивањето на согласност од страна на Советот на општина Охрид.

**УО на ЈП Охридски Комуналец Охрид**
**Претседател,**
**дипл.инг.Трајче Савески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Статутарна Одлуката за измена на Статутот на единицата на локална самоуправа Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/ 17** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08 .2010 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе,

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Во Статутот на општина Охрид, глава XI Јавни трибини, анкети и предлози на граѓаните се менува и гласи:
" XI Јавни трибини, анкети, предлози на граѓаните и форуми на заедницата"

**Член 2**

По член 93 се додава нов член 93-а што гласи

**"Член 93-а“**

Градоначалникот и Советот на општина Охрид по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во општината, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форуми опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на општината.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до градоначалникот на општината, која врз основа на стратешките документи и цели за развој на општината одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува Советот на општината по предлог на градоначалникот ".

**Член 3**

Оваа Статутарна одлука влегува во сила со денот на обавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“ .

**Број 07 -2152/17**
**30.08. 2010 год.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ТРЕТМАН НА АТМОСВЕРСКИ ВОДИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на висина на надоместокот за одведување и третман на атмосверски води, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/18**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на

општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30 .08.2010 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ТРЕТМАН НА АТМОСВЕРСКИ ВОДИ**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на висина на надоместокот за одведување и третман на атмосверски води .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07- 2152/18**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 17 од Статутот на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид а согласно Одлуката на Советот на општина Охрид, Управниот одбор на седницата одржана на 30.08.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за висината на надоместокот**
**за одведување и третман на атмосферските води**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот од правните и физичките лица за превземените активности во одведувањето и третманот на атмосферските води на подрачјето на градот Охрид и другите населени места уредени со деталните урбанистички планови.

**Член 2**

Висината на надоместокот за одведувањето и третманот на атмосферските води се определува на износ од 100,00 денари за правни лица и 60,00 денари за физички лица месечно во бруто износ со пресметан данок на додадена вредност.

**Член 3**

Заради рационализирање на трошоците кои влијаат на цената на овој вид на услуги наплатата се врши преку сметката односно фактурата на МЈП " Проаква " - Струга за потрошена вода и надомест за канализација.

**Член 4**

Надоместокот за извршени услуги од МЈП " Проаква " за ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид и другите меѓусебни односи се уредуваат со посебен договор склучен помеѓу двете јавни претпријатија.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Управен Одбор**
**Претседател**
**Коста Трпоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ОД ЦЕНАТА НА ВОДА И КАНАЛИЗАЦИЈА НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“ ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на одлуката за висината на надоместокот од цената на вода и канализација за ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/19**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30 .08.2010 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ОД ЦЕНАТА НА ВОДА И КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД-ОХРИД

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за висината на надоместокот од цената на вода и канализација за ЈП Нискоградба Охрид-Охрид

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07- 2152/19**
**30. 08.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 14 од Статутот на МЈП„Проаква“-Струга, одредбите од Методологијата за уредување на цената на вода за пиење и одведување урбани отпадни води (Сл.весник на РМ бр.107/05), а согласно одлуката на Советот на Општина Охрид, Управниот Одбор на МЈП„Проаква“ - Струга на седницата одржана на 30.08.2010 година , ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за висината на надоместокот од цената на вода и канализација за ЈП"Нискоградба Охрид"Охрид**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на процентот од цената на вода и канализација која ја наплаќа МЈП"Проаква"Струга од корисниците на услуги на подрачјето на градот Охрид и другите населени места за ЈП"Нискоградба Охрид"Охрид.

Член 2

Согласно одредбите од Методологијата за утврдување на цената на водата за пиење и одведување на урбани отпадни води и анализата на стручните служби, процентот на учество на ЈП"Нискоградба Охрид"Охрид во трошоците за одржување кои влијаат на висината на цената на водата за правни и физички лица се определува на основа фиксните трошоци(тековно одржување, градежни материјали, автоделови), варијабилните трошоци-услуги за тековно одржување и трошоци во дел за плати и надоместоци.

Член 3

Процентот на учество во цената на водата на наплатениот износ од фактурираното според анализите се определува на 15%.
Надоместокот ќе се преведува на сметка на ЈП"Нискоградба Охрид"Охрид, според динамика на наплата на надоместокот од корисниците на услуги почнувајќи од 01.07.2010 година.

Член 4

Другите меѓусебни односи помеѓу МЈП"Проаква"СТруга и ЈП"Нискоградба Охрид"Охрид се уредуваат со посебен договор.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Претседател на УО**
**Дејкоски Мате с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДСКИ ГРОБИШТА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за основање на јавно претпријатие за управување со градски гробишта Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/ 20** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08 .2010 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 2 од Законот за јавни претпријатија и член 18 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДСКИ ГРОБИШТА ВО ОХРИД ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Охрид основа Јавно петпријатие за управување со градски гробишта Охрид , се утврдуваат дејноста на Јавното претпријатие, основните услови и начинот на вршењето на дејноста за која се основа, начинот на финансирањето и другите прашања од значење на Јавното претпријатие.

**Член 2**

Заради организирано и квалитетно вршење на дејноста погребни услуги на територијата на општина Охрид, општината Охрид основа Јавно претпријатие.

Вршењето на дејноста од став 1 на овој член е дејност од јавен интерес.

**Член 3**

Полниот назив на Јавното претпријатие е: **ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДСКИ ГРОБИШТА ОХРИД.**

Скратен назив на претпријатието е ЈП „ ГРАДСКИ ГРОБИШТА “-Охрид.

**Член 4**

Јавното претпријатие има својство на правно лице.

Во правниот промет со трети лица Јавното претпријатие одговара со сиот свој имот-целосна одговорност.

**Член 5**

Седиштето на Јавното претпријатие е во Охрид, ул.„ 15-ти Корпус “ бб.

**Член 6**

Јавното претпријатие го претставува директорот.

Ѓоко Филипчески ќе ги води работите на претпријатието до неговата регистрација во надлежниот орган и конституирање.

**Член 7**

Јавното претпријатие се основа заради : обезбедување на погребни и крематориумски услуги, изнајмување на опремен простор во капелите,изнајмување на гробови, со претежна дејност согласно Националната класификација на дејности „погребни и слични дејности “.

Јавното претпријатие може да обавува и други дејности, согласно националната класификација на дејностите, како и други дејности што не се опфатени во националната класификација на дејностите.

**Член 8**

Јавното претпријатие од член 2 на оваа одлука е во сопственост на општина Охрид.

Почетните средства за работа на Јавното претпријатие ги обезбедува основачот.

Висината на основачкиот влог изнесува 26 406 743,оо денари од кои 15 039 940,оо ден. земјиште,10 444 744,00 ден. градежни објекти и 922 059,00 ден. постројки и опрема, согласно проценката на овластен проценител.

Средствата за обавување на дејноста Јавното претпријатие ги обезбедува преку давањето услуги на корисниците и од средства на основачот.

**Член 9**

Органи на Јавното претпријатие се: Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење и Директорот.

Бројот на членовите на органите од претходниот став се утврдува со Статутот на Јавното претпријатие, а во согласност со закон.

**Член 10**

Јавното претпријатие се организира така што дејноста за која е основано да ја врши на начин со кој се обезбедува:

- ефикасност во работењето;
- развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот развој на општината;
- заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
- трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услугите; и
- самостојност во рамките на системот и функционална поврзаност во рамките на општината.

**Член 11**

Со Статутот на Јавното претпријатие поблиску се одредува организацијата и раководењето на Јавното претпријатие, општите акти и постапка за нивно донесување и извршување како и други прашања од значење на јавното претпријатие.

**Член 12**

Јавното претпријатие Статутот и другите општи акти ќе ги донесе во рок од 90 дена од денот на донесувањето на оваа одлука и ќе се именуваат органите на Јавното претпријатие од член 9 став 1.

**Член 13**

Лицето од член 6 став 2 ќе поднесе пријава за регистрација на Јавното пртпријатие пред надлежниот орган.

**Член 14**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07–2152/ 20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08.2010 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОГРЕБНИ УСЛУГИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за основање на јавно претпријатие за вршење на погребни услуги , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/ 21**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 2 од Законот за јавни претпријатија и член 18 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОГРЕБНИ УСЛУГИ ЈП „ ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Охрид основа Јавно петпријатие за вршење на погребни услуги, се утврдуваат дејноста на Јавното претпријатие, основните услови и начинот на вршењето на дејноста за која се основа, начинот на финансирањето и другите прашања од значење на Јавното претпријатие.

**Член 2**

Заради организирано и квалитетно вршење на дејноста погребни услуги на територијата на општина Охрид, општината Охрид основа Јавно претпријатие.

Вршењето на дејноста од став 1 на овој член е дејност од јавен интерес.

**Член 3**

Полниот назив на Јавното претпријатие е: **ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОГРЕБНИ УСЛУГИ ОХРИД.**

Скратен назив на претпријатието е ЈП „ ПОГРЕБНИ УСЛУГИ “-Охрид.

**Член 4**

Јавното претпријатие има својство на правно лице.

Во правниот промет со трети лица Јавното претпријатие одговара со сиот свој имот-целосна одговорност.

**Член 5**

Седиштето на Јавното претпријатие е во Охрид, ул.„ 15-ти Корпус “ бб.

**Член 6**

Јавното претпријатие го претставува директорот.

Мите Здравески ќе ги води работите на претпријатието до неговата регистрација во надлежниот орган и конституирање.

**Член 7**

Јавното претпријатие се основа заради вршење на : погребување и кремирање , подготовка на починатите за погребување, кремирање,балсамирање,ископ –закоп на починатите, со претежна дејност согласно Националната класификација на дејности „погребни и слични дејности “.

Јавното претпријатие може да обавува и други дејности, согласно националната класификација на дејностите, како и други дејности што не се опфатени во националната класификација на дејностите..

**Член 8**

Јавното претпријатие од член 2 на оваа одлука е во сопственост на општина Охрид.

Почетните средства за работа на Јавното претпријатие ги обезбедува основачот.

Висината на основачкиот влог изнесува 3 577 797,оо денари од кои 2 278 547,00 ден. градежни објекти и 1 299 250,00 ден постројки и опрема, согласно проценката на овластен проценител.

.

Средствата за обавување на дејноста Јавното претпријатие ги обезбедува преку давањето услуги на корисниците и од средства на основачот.

**Член 9**

Органи на Јавното претпријатие се: Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење и Директорот.

Бројот на членовите на органите од претходниот став се утврдува со Статутот на Јавното претпријатие, а во согласност со закон.

**Член 10**

Јавното претпријатие се организира така што дејноста за која е основано да ја врши на начин со кој се обезбедува:

- ефикасност во работењето;
- развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот развој на општината;
- заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
- трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услугите; и
- самостојност во рамките на системот и функционална поврзаност во рамките на општината.

**Член 11**

Со Статутот на Јавното претпријатие поблиску се одредува организацијата и раководењето на Јавното претпријатие, општите акти и постапка за нивно донесување и извршување како и други прашања од значење на јавното претпријатие.

**Член 12**

Јавното претпријатие Статутот и другите општи акти ќе ги донесе во рок од 90 дена од денот на донесувањето на оваа одлука и ќе се именуваат органите на Јавното претпријатие од член 9 став 1.

**Член 13**

Лицето од член 6 став 2 ќе поднесе пријава за регистрација на Јавното пртпријатие пред надлежниот орган.

**Член 14**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07–2152/ 21**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ПАЗАРИ НА ГОЛЕМО И МАЛО„ ГРАДСКИ ПАЗАР“ ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за основање на јавно претпријатие за управување на пазари на големо и мало „Градски Пазар“ Охрид**,** што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/22**
**30.08 .2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 2 од Законот за јавни претпријатија и член 18 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30. 08.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ПАЗАРИ НА ГОЛЕМО И МАЛО „ГРАДСКИ ПАЗАР“ ОХРИД

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Охрид основа Јавно петпријатие за управување на пазари на големо и мало, се утврдуваат дејноста на Јавното претпријатие, основните услови и начинот на вршењето на дејноста за која се основа, начинот на финансирањето и другите прашања од значење на Јавното претпријатие.

**Член 2**

Заради организирано и квалитетно вршење на дејноста управување на пазари на големо и мало во општината Охрид, општината Охрид основа Јавно претпријатие.

Вршењето на дејноста од став 1 на овој член е дејност од јавен интерес.

**Член 3**

Полниот назив на Јавното претпријатие е: **ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ПАЗАРИ НА ГОЛЕМО И МАЛО „ГРАДСКИ ПАЗАР“ ОХРИД.**

Скратен назив на претпријатието е ЈП „ ГРАДСКИ ПАЗАР “-Охрид.

**Член 4**

Јавното претпријатие има својство на правно лице.

Во правниот промет со трети лица Јавното претпријатие одговара со сиот свој имот-целосна одговорност.

**Член 5**

Седиштето на Јавното претпријатие е во Охрид, ул.„ Булевар Туристичка “ бб.

**Член 6**

Јавното претпријатие го претставува директорот.

Живка Ангелоска ќе ги води работите на претпријатието до неговата регистрација во надлежниот орган и конституирање.

**Член 7**

Јавното претпријатие се основа заради управување на пазаришта, јавни скалдови (управување и користење на објекти за складирање, јавни складови, продажен простор), сите видови на пазарни услуги на пазаришта на големо и мало на територијата на општина Охрид, со претежна дејност согласно Националната класификација на дејности „претовар на товар “.

Јавното претпријатие може да обавува и други дејности, согласно националната класификација на дејностите, како и други дејности што не се опфатени во националната класификација на дејностите.

**Член 8**

Јавното претпријатие од член 2 на оваа одлука е во сопственост на општина Охрид.

Почетните средства за работа на Јавното претпријатие ги обезбедува основачот.

Висината на основачкиот влог изнесува 10 490 491,оо денари од кои 1 512 000,00 ден. земјиште, 3 464 042,00 ден. градежни објекти 1 412 362 ,00 деловни простори, 3 952 087,00 тезги и 150 000, ден. постројки и опрема, согласно проценката на овластен проценител..

Средствата за обавување на дејноста Јавното претпријатие ги обезбедува преку давањето услуги на корисниците и од средства на основачот.

**Член 9**

Органи на Јавното претпријатие се: Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење и Директорот.

Бројот на членовите на органите од претходниот став се утврдува со Статутот на Јавното претпријатие, а во согласност со закон.

**Член 10**

Јавното претпријатие се организира така што дејноста за која е основано да ја врши на начин со кој се обезбедува:

- ефикасност во работењето;
- развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот развој на општината;
- заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
- трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услугите; и
- самостојност во рамките на системот и функционална поврзаност во рамките на општината.

**Член 11**

Со Статутот на Јавното претпријатие поблиску се одредува организацијата и раководењето на Јавното претпријатие, општите акти и постапка за нивно донесување и извршување како и други прашања од значење на јавното претпријатие.

**Член 12**

Јавното претпријатие Статутот и другите општи акти ќе ги донесе во рок од 90 дена од денот на донесувањето на оваа одлука и ќе се именуваат органите на Јавното претпријатие од член 9 став 1.

**Член 13**

Лицето од член 6 став 2 ќе поднесе пријава за регистрација на Јавното пртпријатие пред надлежниот орган.

**Член 14**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07 –2152/22**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 1 ВО УБ.1.1 ПЛАНСКИ ОПФАТ 1 ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ ОХРИД ОПШТИНА ОХРИД 2009-2014**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за донесување Нацрт деталeн урбанистички план за УЗ 1 во УБ 1.1 плански опфат 1 централно градско подрачје Охрид Општина Охрид 2009-2014 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/23**
**30.08 .2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 1 УРБАН БЛОК 1.1-плански опфат 1- ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ - ОПШТИНА ОХРИД 2009-2014**

Член 1

Се утврдува Нацртонесување деталeн урбанистички план за урбана заедница 1 урбан блок 1.1-плански опфат 1 -централно градско подрачје – општина Охрид 2009-2014

**Член 2**

Со овој нацрт урбанистички план се опфаќа простор со површина од 0,85 ха.

Просторот на планскиот опфат по Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 1 ,урбан блок 1.1 - општина Охрид е опфат на границите:

**Улиците Климентов Универзитет,Климентска и Петар Чауле .**

**Член 3**

Нацрт - деталниот урбанистички план за Урбана заедница 1 урбан блок 1.1 опфат 1 општина Охрид 2009-2014 год. со тех. бр. 18/08 изработен од ДОО УРБАН Охрид содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - деталниот урбанистички план за Урбана заедница 1 урбан блок 1.1 опфат 1 општина Охрид 2009-2014 год.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила по денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-2152/23**<br>**30.08.2010 год.**<br>**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**Претседател,**<br>**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2 ВО УБ 2.3 ОПФАТ 2 ОХРИД ОПШТИНА ОХРИД 2010-1015**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт детален урбанистички план за УЗ 2 во УБ 2.3 опфат 2 Охрид Општина Охрид 2010-2015, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/24**<br>**30.08.2010 год.**<br>**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**<br>**Градоначалник,**<br>**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 2 УРБАН БЛОК 2.3 ОПФАТ 2 – ОХРИД – ОПШТИНА ОХРИД 2010-2015**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт - детален урбанистички план за **У**рбана заедница 2 урбан блок 2.3 опфат 2 општина Охрид 2010-2015 год.

**Член 2**

Со овој нацрт урбанистички план се опфаќа простор со површина од 2,10 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт - деталниот урбанистички план за Урбана заедница 2 урбан блок 2.3 опфат 2 општина Охрид 2010-2015 год. е опфат на границите:

ул„ Бул.Македонски просветители“, „ Даме Груев“ .

**Член 3**

Нацрт - деталниот урбанистички план за **У**рбана заедница 2 урбан блок 2.3 опфат 2 општина Охрид 2010-2015 год. со тех. бр. 43/10 изработен од ДОО ПОЛОГПРОЕКТ ПРО Гостивар содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - деталниот урбанистички план за Урбана заедница 2 урбан блок 2.3 опфат 2 општина Охрид 2010-2015 год.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила по денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 2152/ 24**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2 ВО УБ 2.3 ОПФАТ 3 ОХРИД ОПШТИНА ОХРИД 2010-1015

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување нацрт детален урбанистички план за УЗ 2 во УБ 2.3 опфат 3 Охрид Општина Охрид 2010-2015 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/ 25** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08 .2010 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 2 УРБАН БЛОК 2.3 плански опфат 3 – ОПШТИНА ОХРИД 2010-2015

**Член 1**

Се оваа одлука се утврдува Нацрт детален урбанистички план за урбана заедница 2 урбан блок 2.3 плански опфат 3 – општина Охрид 2010-2015.

**Член 2**

Со овој Нацрт урбанистички план се опфаќа простор со површина од 1,40 ха.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 2 ,урбан блок 2.3 опфат 3- општина Охрид е опфат на границите:

**Булевар Туристичка ,ул.Даме Груев и Новопроектирана улица по ДУП**

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 2, урбан блок 2.3 опфат 3 општина Охрид со тех. бр. 36/10 изработен од ДОО ПОЛОГ ПРОЕКТ –ПРО Гостивар содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - деталниот урбанистички план за урбана заедница 2 урбан блок 2.3 плански опфат 3 – општина Охрид 2010-2015.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила по денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-2152/25**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2 ДЕЛ ОД УБ 2.4 ОПФАТ 2 ОХРИД ОПШТИНА ОХРИД 2010-2015

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт детален урбанистички план за УЗ 2 дел од УБ 2.4 опфат 2 Охрид Општина Охрид нацрт план 2010-2015 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/ 26**
**30.08 .2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 2 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 2.4 ОПФАТ 2 – ОПШТИНА ОХРИД 2010-2015

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт детален урбанистички план за урбана заедница 2, урбан блок 2.4 опфат 2 – Општина Охрид 2010-2015

**Член 2**

Со овој Нацрт детален план се опфаќа простор со површина од 1,оо ha.

Просторот на планскиот опфат по Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 2 ,урбан блок 2.4 опфат 2- општина Охрид е опфат на границите:

**Кеј Маршал Тито,ул,8-миМарт и ул.Партизанска и катастарската парцела на северозападната страна**

**Член 3**

НацртДеталниот урбанистички план за Урбана заедница2, урбан блок 2.4 опфат 2 општина Охрид со тех. бр. 49/10 изработен ДОО ПОЛОГПРОЕКТ –ПРО Гостивар содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.
-

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - деталниот урбанистички план за Урбана заедница 2 дел од урбан блок 2.4 опфат 2 општина Охрид 2010 -2015 .

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила по денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 2152/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08.2010 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 9 И 13 УБ 9.3 И 13.2 ОПШТИНА ОХРИД 2009-2014**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт деталeн урбанистички план за УЗ 9 и 13 УБ 9.3 и 13.2 Општина Охрид 2009-2014, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/27** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.08.2010 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 9 и 13 УРБАН БЛОК 9.3 и 13.2 – ОПШТИНА ОХРИД 2009-2014**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт- деталeн урбанистички план за урбана заедница 9 и 13, урбан блок 9.3 и 13.2 – Општина Охрид-нацрт план 2009-2014 .

**Член 2**

Со овој нацрт урбанистички плансе опфаќа простор со површина од 17,70 ха.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт-Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 9 и 13 ,урбан блок 9.3 и 13.2 - општина Охрид е опфат на границите:

**Ул.Кленоец,7-ми Ноември и Егејска.**

**Член 3**

Нацрт-Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 9 и 13, урбан блок 9.3 и 13.2 општина Охрид со тех. бр. 2263 изработен од Дизајн центар-инженеринг-Кавадарци.

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Нацрт-Деталниот урбанистички план за Урбана Заедница **9 и 13** урбан блок 9.3 и 13.2 општина Охрид се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Нацрт-Деталниот урбанистички план за Урбана Заедница 9 и 13, урбан блок 9.3 и 13.2 општина Охрид, се чува , следи и реализира во Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила по денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-2152/27**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА С.ПЕШТАНИ БЛОКОВИ ОД БРОЈ 1 ДО БРОЈ 18 ОПШТИНА ОХРИД 2009-2019**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт урбанистички планови за с. Пештани блокови од број 1 до број 18 општина Охрид 2009-2019 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 год.

**Број 08-2152/28**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.08.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПЕШТАНИ БЛОКОВИ ОД БРОЈ 1 ДО БРОЈ 18– ОПШТИНА ОХРИД 2009-2019**

**Член 1**

Се УТВРДУВА Нацрт урбанистички план за Пештани блокови од бр.1 до бр.18– општина охрид-нацрт план 2009-**2019**

**Член 2**

Со овој нацрт урбанистички план се опфаќа простор со површина од 51,55ха.

Границата на планскиот опфат е од село Пештани до хотел Десарет.

**Член 3**

Нацрт Урбанистичкиот план за село Пештани и тоа блоковите од број 1 до број 18,Општина Охрид,нацрт план 2009-2019,со технички број 2387, изработен од „ Дизајн центар инженеринг“-Кавадарци содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт урбанистички план за Пештани блокови од бр.1 до бр.18 – општина Орид 2009-2019 **.**

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила по денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-2152/28**
**30.08.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот , што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 03.09.2010 год.

**Број 08-2152/29**
**03.09.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ “ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 08/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 03.09.2010 година донесе:

## З А К Л У Ч О К

Да се покрене постапка за измени и дополнување на Законот за внатрешна пловидба, со цел да се пренесат ингеренциите за одвивање и регулирање на езерскиот воден сообраќај во крајбрежниот појас на езерата од Министерството за транспорт и врски на единиците на локална самоуправа.

Истовремено се апелира до надлежните институции кои ја регулираат националната легислатива од областа на внатрешната пловидба веднаш да пристапат кон подготовка и донесување на сите подзаконски акти кои произлегуваат како обврска од позитивните законски прописи.

**Бр. 07-2152/29**
**03.09.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВЕН ОДБОР НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДСКИ ГРОБИШТА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување членови во Управен Одбор на јавно претпријатие за управување со градски гробишта , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.09.2010 год.

**Број 08-2152/30** **ОПШТИНА ОХРИД**
**20.09.2010 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.09.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВЕН ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА ОХРИД**

**Член 1**

За членови во Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување со градски гробишта –Охрид **СЕ ИМЕНУВААТ:**

**1.АЦО ЈОСИФОСКИ**

**2.ДЕЈАН ВЕЉАНОСКИ**

**3.ГОЦЕ РИСТЕСКИ**

**4.НОВЕ ЏУТЕСКИ**

**5.КОСТЕ КАРОСКИ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2152/30** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**20.09.2010 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО НАДЗОРЕН ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ ГРАДСКИ ГРОБИШТА ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување членови во Надзорен одбор на јавното претпријатие за управување градски гробишта Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.09.2010 год.

**Број 08-2152/ 31**
**20.09.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.09.2010 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА ОХРИД

**Член 1**

**СЕ ИМЕНУВААТ** членови во Надзорниот одбор на јавното претпријатие за управување со Градските гробишта Охрид:

**1.ЗОРАН БОГДАНОСКИ**

**2.МАРЈАН ИВАНОСКИ**

**3.ДРАГАН ГОЛАБОСКИ**

**4.ИРИНА САЈЧЕСКА**

**5.РИСТЕ КИТАНОСКИ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2152/31**
**20.09.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВЕН ОДБОР НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОГРЕБНИ УСЛУГИ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување членови во Управен Одбор на јавното претпријатие за вршење на погребни услуги Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.09.2010 год.

**Број 08-2152/ 32**
**20.09.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.09.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ПОГРЕБНИ УСЛУГИ ОХРИД**

**Член 1**

За членови во Управниот одбор на Јавното претпријатие за вршење погребни услуги Охрид **СЕ ИМЕНУВААТ**:

**1. ГОРАН РИСТЕСКИ**

**2.МАРИЈА ПЕРОСКА**

**3.КОЛЕ ТАСЕСКИ**

**4.ГОРАН ВЕЛЈАНОСКИ**

**5.НУХИ РЕЧИ**

**Член 2**

